Врз основа на член 62 од Статут на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ (Унив. гласник бр. 443/2019), Деканот ја донесе следнава:

# процедура за поднесување на жалба од студентите на факултетот

1. **Првична неформална акција**:
    - Студентот се обраќа на лицето кое е директно вклучено во проблемот (наставник, асистент или член на кадарот) или секретарот на Факултетот, за да се обиде да го реши прашањето неформално.
    - Лицето може да се обрати до Факултетското студентско собрание кое е должно проблемот да го искомуницира со надлежните и да проба да изнајде решение.
    - Доколку се исрпени сите обиди за неформално решение на проблемот, студентот може да поднесе писмена жалба.
    - Како исклучок, доколку лицето не сака да открива лични информации може да пристапи кон поднесување на жалба дирекно до Факултетот.
2. **Писмена жалба**:
    - Студентот пополнува формулар за жалба кој е достапен на веб-страницата на факултетот (составен дел од оваа процедура).
    - Жалбата се доставува до архивата на факултетот.
    - Архивата ја доставува до секретарот на факултетот кој ја разгледува жалбата и ја упатува до соодветниот Продекан, ја решава самостојно или задолжува лице да постапи по истата.
    - Секретарот, Продеканот односно задолженето лице го истражува случајот и доставува писмен одговор во рок од 10 работни дена.
3. **Жалба (втор степен)**:

- Доколку студентот е незадоволен од одговорот или истиот не го добие во рок од 30 дена, може да поднесе втора жалба до Деканот на Факултетот.
- Жалбата се упатува до Деканот, кој ја разгледува и донесува конечна одлука во рок од 10 работни дена од кога е поднесена.

4. **Архивирање**:
   - Сите жалби се архивираат и примерок од истие заедно со решниеto се чуваат во досието на студентот.
5. Дополнително доколку жалбите се квалификуваат како жалба од укажувач или Пријава на корупција се применуваат процедурите и позитивните законски прописи кои ја регулираат таа материја.

Декан

Проф. д-р Боро Јакимовски

**Формулар за жалба**

- Ве молиме внимателно да ја прочитате процедурата за жалби пред да продолжите понатаму.
- Ве молиме да го пополните овој формулар и да го испратите до Канцеларијата за обезбедување квалитет.
- Ве молиме вклучете дополнителни документи или докази доколку е потребно.

Дали е искористена можноста дадена од член 1 од Процедурата за жалби на студенти?

1. Да 2.Не

Дали за проблемот е запознаено Факултетското студентско собрание?

1. Да 2.Не

---

**Лични информации**:

Име:
Презиме:
Тел. број и/или е-маил за контакт:

**За студентите**:
Број на индекс:
Програма:
Циклус:

---

**Детали за жалбата**:

Опишете го проблемот:

---

**Претходни дејствија преземени за решавање на жалбата**:

---

**Предлог за разрешување на жалбата**:

---

**Потпис**:
**Датум**:

---

**За употреба**

Датум на прием:
Лице кое постапува:
Разрешување:
Датум на кој извештајот е испратен до сите страни:
Потпис:
Датум: